ОСИГУРУВАЊЕ МАКЕДОНИЈА
VIENNA INSURANCE GROUP

# СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТ

**Предмет:** ПРЕЗАКАЖАНО СОБРАНИЕ

**Датум:** 01.12.2016 година

**Почитувани акционери и други заинтересирани страни,**

Ве информираме дека согласно член 393 од Законот за трговските друштва Управниот одбор на Осигурување МАКЕДОНИЈА а.д. Скопје – Виена Иншуренс Груп (на својата 137та седница одржана на ден 01.12.2016 година) донесе Одлука за определување на датум на одржување на презакажано собрание. Согласно предметната одлука презакажаното собрание ќе се одржи на ден **13.12.2016 година (ВТОРНИК)** во седиштето на Друштвото со почеток во 09.00 часот.

Согласно веќе објавениот Јавниот повик за свикување на предметното Собрание, акционерите на презакажаното Собрание ќе треба декларативно да констатираат дека престанува мандатот на еден од членовите на Надзорниот одбор, и последователно да одлучат за избо за нов член на Надзорниот одбор на Друштвото. Сите материјали кои се однесуваат на собранието може да се увидат на официјалната интернет станица на Друштвото.

Прилог на оваа објава е Одлуката и Јавниот повик за презакажување на собрание.

Со почит,
**Претседател на Управен одбор**

**Бошко Андов**

Акционерско друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА, Скопје - Виена Иншуренс Груп
ОСИГУРУВАЊЕ МАКЕДОНИЈА VIENNA INSURANCE GROUP

---

**Осигурување Македонија а.д. Скопје - Виена Иншуренс Груп** е симбол за осигурување во Македонија, како и за доверба, сигурност и финансиска стабилност. Основана е 1945 година како Државен осигурителен завод. Со последната приватизација во 2013 година стана дел од Vienna Insurance Group. Компанијата има големо искуство и познавање на осигурителната индустрија и успешно се усогласува со модерните токови на пазарот, што обезбедува најдобра услуга и квалитетна осигурителна понуда за клиентите.

**Vienna Insurance Group (ВИГ)** е водечко име на полето на осигурувањето во Австрија, исто така и во Централна и Источна Европа. Околу 50 компании во 24 земји формираат група со долгогодишна традиција, силни брендови и блиска поврзаност со корисниците.( ВИГ) Виена иншуренс груп има речиси 190 години искуство во осигурителниот бизнис. Со околу 23.000 вработени ВИГ е јасен лидер во пазарите кадешто работи. Компанијата е извонредно позиционирана да ги искористи можностите за развој на долг рок во регион со 180 милиони луѓе. Vienna Insurance Group е фирма со најдобар рејтинг на ATX, којшто е водечки индекс на виенската берза. Акциите на ВИГ исто така котираат и на берзата во Прага.

**Осигурување Македонија а.д. Скопје, Виена Иншуренс Груп**
**Адреса: Ул."11 Октомври" број 25,1000 Скопје**
**Веб страна:** www.insumak.mk
info@insumak.mk